Бр./Nr 12-2130/7

08-01-2021/v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од непознати подносители – група оштетени доверители во стечајна постапка, на 45-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 30 Декември 2020 година, донесе

**О д л у к а**

Постапката покрената по пријавата за корупција бр. 12- 5321/1 од 21.11.2019 година на подносителите група оштетени доверители во стечајна постапка на ------------------------------- - СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот со број 12-5321 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 5321/1 од 21.11.2019 година.

Предметот со број 12-5321 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-5321 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12- 5321/1 од 21.11.2019 година, со прилог документација - од непознати подносители, група оштетени доверители во стечајната постапка на -----------------------------------------.

Со предметната пријава насловена како кривична пријава се изнесуваат сомневања за дејствување на четири посочени лица, и повеќе други неименувани – помагатели и поттикнувачи, како злосторничко здружение од кое во стечајната постапка на ---------------------- се сторени кривичните дела "злоупотреба на службената полжба и овластување" , "перење пари", "повластување или оштетување на доверители" и други кривични дела.

Видно од пријавата стечајната постапка на -------------------- е отворена по предлог на доверителот -------------- со Решение ------------------, додека предлогот за заклучување на истата е даден од стечајниот управник, усно на записник, на рочиштето за усна јавна расправа одржана пред ----------- суд ------------ на ден -------------. 2017 година.

Наводите на пријавата укажуваат на противправно постапување од страна на службените лица -------------- судија --------------------, --------------------- - стечаен управник на ------------- и Н.Н. државен правобранител за подрачје на -----------------, како и на лицето --------------------- и други доверители во постапката на начин што , првопосочените две службени лица, за парична награда, неосновано – по заклучување на стечајната постапка во тек на 2019 година, овозможиле исплата на износ од --------------- денари на име пријавени побарувања со пресметана камата на лицето --------------------- и на уште четири довреители.

Според подносителите на пријавата посочените исплати на оваа група доверители биле извршени од финансиски средства наплатени со продажба на недвижен имот – деловна зграда на стечајниот должник , а на штета на останатите различни доверители и доверители меѓу кои и Министерството за финансии на РСМ – Управа за јавни приходи, Биро за стокови резерви и Фонд на пензисото и инвалидско осиурување на РСМ.

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителите, а заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барања за достава на податоци и информации од надлежни органи, до кои исто

така - според наведеното во пријавата истата била/е доставена, па имено до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје, Министерството за внатрешни работи – Оддел за организиран криминал и корупција и до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Последователно, по достава на барањата, до Државната комисија за спречување на корупцијата беа/се доставени писмени одговори од наведените органи за нивно надлежно постапување по предмената кривична пријава.

Имено, Судскиот совет на РСМ, со оглед на тоа што се работи за анонимна пријава и воедно за пријава која според овој орган не содржи елементи за нестручно и несовесно постапување на судијата ---------------------- , констатирал дека по истата е надлежно да постапи Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.

Од Министерството за внатрешни работи – Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал, преку Единицата за корупција, Државната комисија дојде до сознанија дека овој орган постапил на предметниот случај така што во консултација со ОЈО за ГОКК Скопје, на ден 24.01.2020 година, пријавата и целосната документација ја доставил на понатамошно надлежно постапување на Основното јавно обвинителство во ----------.

Информација за тоа дека на предметната пријава постапува надлежното Основно јавно обвинителство во ------------------------ до Државната комисија достави и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје, кај кое предметот е заведен под ---------------------.

Имено, од ова ОЈО по предметната кривична пријава, за дел од пријавените крвични дела – Злосторничко здружување по член 394 од КЗ и Перење пари и други приноси од казниво дело по член 273 , е донесена јавнообвинителска одлука дека нема место за јавнообвинителско постапување, додека по однос на кривичното дело – Злоупотреба на службената положба и овластување по член 353 од КЗ, на ден 29.11.2019 година од ОЈО за ГОКК пријавата е отстапена на надлежно постапување на ОЈО ---------------- како стварно и месно надлежно обвинителство .

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај и според прибавените информации и податоци од надлежните органи во РСМ Државната комисија за спречвање на корупцијата констатира дека наводите од пријавата се предмет на постапување на стварно и месно надлежното Јавно обвинителство од кои причини Државната комисија нема елементи за свое надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 30 Декември 2020 година под бр. _______/______**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК

Изработил: Х.М., Советник

Одобрил : Н.Б., Член на ДКСК

Доставено до :

- Архива
- Подносителот